**Повик за апликации**

**Опис на позицијата**

За позицијата: Новинар/ка за изборен мониторинг (3 позиции)

Проект: Дигитален штит: Мониторинг на локалните избори 2025 од хибридни закани во дигиталниот простор

Изборните процеси сè почесто се мета на хибридни влијанија преку дезинформации, говор на омраза, дигитална манипулација и организирани напади преку социјалните мрежи. Особено загрижува фактот што овие појави се случуваат во слабо регулиран дигитален екосистем и директно влијаат врз кредибилитетот на изборите, довербата на гласачите и јавната перцепција за транспарентноста на институциите.

Во овој контекст, проектот „Дигитален штит“ има за цел да изгради функционален модел на граѓанско-медиумска будност и да развие систем за препознавање и евидентирање на изборни ризици во дигиталниот простор. Вклучувањето на новинари/ки како активни членови на мониторинг тимот не само што придонесува кон зголемување на квалитетот на набљудувањето, туку и обезбедува стратешко проширување на медиумската етика, јавниот дијалог и институционалниот притисок за справување со заканите.

1. Главни задачи и одговорности

Новинарот/ката ќе има следниве задачи:

- Учествува во развојот на водичот за мониторинг на информации од отворени
- извори преку давање на совети
- Придонесува кон подготовка на три аналитички извештаи (предизборен,
- кампањски и постизборен), преку доставување новинарски анализи, интервјуа,
- тематски прилози и кратки објаснувачки текстови.
- Учествува на еднодневната обука за ОСИНТ
- Подготвува 2–3 истражувачки новинарски прилози поврзани со ризици од
- хибридни влијанија, базирани на проектирани наоди и податоци добиени од
- мониторингот.

2. Профил на кандидатот

Минимални квалификации:

- Најмалку 3 години искуство во новинарска работа (социјални медиуми,

„Дигитален штит: Мониторинг на локалните избори 2025 од хибридни закани во дигиталниот простор” е проект спроведуван од Центарот за стратегиски истражувања и анализи – ЦСИА. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

- истражувачко новинарство, етика во новинарството);
- Докажано искуство во пишување аналитички текстови и/или учество во проекти
- поврзани со човекови права, избори или медиумска етика;
- Познавање на алатки за верификација на информации, дигитална писменост, и
- критичка анализа на медиумски содржини.

3. Надомест и услови

Новинарите/ките ќе бидат ангажирани на хонорарна основа, со договор кој ги дефинира обврските, роковите и надоместот според реализираните активности. Исплатата ќе биде во согласност со одобрените ставки од проектниот буџет и доставениот извештај/продукт.

Поддршката е потребна од 1 Септември 2025 до 31 Декември 2025.

Заинтересираните експерти треба да доставаат:

- Биографии (не подолги од 10 страници);
- Финансиска понуда;

**Апликациите треба да се испратат на contact@csra.org.mk, најдоцна до 30 Август година.**

*Центарот за стратегиски истражувања и анализи – ЦСИА го спроведува проектот „Дигитален штит: Мониторинг на локалните избори 2025 од хибридни закани во дигиталниот простор“. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на повикот е единствена одговорност на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.*